Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55-тата седница одржана на 16.11.2021 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-583/1 од 27.01.2020 година, против лицата ///, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство ///, ///, законски застапник на Здружението ///, /// од /// и /// од /// **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-583/1 од 27.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител на ден 27.01.2020 година поднесена е пријава против лицата против лицата ///, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство ///, ///, законски застапник на Здружението ///, /// од /// и /// од ///, и оформен е предмет број 12-583/1 од 27.01.2020 година.

Во пријавата подносителот изнесува наводи за незаконитости во постапувањето на ///, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство ///, која во предмет отворен по поднесена кривична пријава за злоупотреба на службената положба и овластување против /// од ///, законски застапник на Здружението ///, во која било укажано на сторен обид за вршење на противзаконска продажба на недвижен имот во сопственост на Здружението од страна на законскиот застапник, издала известување за запирање на постапката без дадено правно средство, со образложение дека одлуката за продажба на имотот на Здружението била ставена во мирување и не предизвикала правни последици. Во образложението на околностите во пријавата е укажано на намерата на законскиот застапник имотот на

здружението да биде продаден по повластени услови на правното лице ///, чиј управител е ///, сестра на неговата сопруга.

Во пријавата се изнесени и наводи дека во ОЈО ///, под надлежност на истиот јавен обвинител - ///, истовремено со посочената постапка се водела и постапка против лицето ///, татко на сопругата на /// и на управителот на ///, која била запрена поради настапена застареност на делото, а исто така опфаќала прашања кои се однесувале на Здружението и на неговиот имот.

Подносителот на пријавата бара од Државната комисија за спречување на корупцијата да утврди дали постои одговорност на посочените лица заради вршење на противзаконски дејствија. Воедно, бара ДКСК да потврди дали постои застареност на делото во посочениот предмет за кој истото се укажува, и да утврди дали застареноста настапила поради свесно непреземање на дејствија од страна на Обвинителот.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**